# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**4696.**

Врз основ на член 22 став 8 од Закон за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15 и 30/16) министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УСТАНОВИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните.

Член 2

Барањето за верификација на установата или институцијата се поднесува до Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), преку Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот).

Член 3

Кон барањето за верификација на установата или институцијата се доставува и елаборат на установата или институцијата, кој содржи:

- визија на установата или институцијата;
- мисија на установата или институцијата;
- профил на установата или институцијата;
- примарна цел на образовната дејност на установата или институцијата;
- специфични цели и начин на нивно постигнување;
- обврски на установата или институцијата и на наставниците/обучувачите во постигнување на целите;
- вид и број на програми кои се спроведувале во установата или институцијата;
- вид и број на програми за образование на возрасни кои се спроведуваат во установата или институцијата;
- наставен кадар (постојано и хонорарно вработени);
- организација на наставата за образование на возрасни;
- просторно-технички услови и опрема за реализација на програмите за образование на возрасни;
- исполнетост на законските регулативи за спроведување на образование на возрасни;
- органи на установата или институцијата за образование на возрасни, со внатрешна организација;
- управен одбор и
- раководење и управување со установата или институцијата.

Член 4

Установата или институцијата во едно барање за верификација може да достави документација за реализирање на најмногу две посебни програми од иста струка/област.

Доколку се работи за посебни програми од различна струка/област се доставуваат посебни барања за верификација одделно за секоја струка/област.

Член 5

Доколку доставеното барање за верификација и прилозите се некомплетни, од страна на Центарот се бара дополнување на истите од страна на установата или институцијата која ги доставила.

Установата или институцијата постапува по барањето за дополнување и повторно ја доставува комплетната документацијата до Центарот, најдоцна 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување.

Барањето за верификација со комплетната документација од страна на Центарот се доставува до Министерството најдоцна 30 дена од денот на приемот на барањето за верификација.

Член 6

Верификација на установите и институциите кои реализираат програми за образование на возрасните се врши од страна на Комисија за верификација (во натамошниот текст: Комисијата), која ја сочинуваат четири члена, и тоа по еден член од Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните и Државниот просветен инспекторат.

Претседател на Комисијата е членот од Министерството.

При утврдувањето на исполнетоста на условите за верификација присуствува и претставник од подносителот на барањето.

Член 7

Исполнетоста на условите за верификација на установата или институцијата се врши преку непосреден увид.

При непосредниот увид се врши оцена на исполнетоста на:

- минималните технички и хигиенски услови потребни за реализирање на програма за образование на возрасни,
- просторните и материјални услови потребни за реализирање на програма за образование на возрасни и
- кадровските услови потребни за реализирање на програма за образование на возрасни.

За увидот во исполнетоста на условите за верификација се информира установата или институцијата најдоцна седум дена пред увидот.

Член 8

По извршениот увид, од страна на претседателот на Комисијата најдоцна седум дена од денот на увидот се доставува извештај до министерот за образование и на-

ука за исполнетоста на условите за верификација на установата или институцијата, кој содржи мислење за исполнетоста на стандардите и условите за работа на установата или институцијата, со наведување на евентуални недостатоци во поглед на исполнетоста на стандардите и условите за работа на установата или институцијата.

Член 9

Доставениот извештај од членот 8 од овој правилник може да биде позитивен, доколку установата или институцијата во целост ги исполнува условите за реализација на понудената програма за образование на возрасни.

Доставениот извештај од членот 8 од овој правилник може да биде негативен, доколку установата или институцијата не ги исполнува условите за реализација на понудената програма за образование на возрасни.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/13).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.20-15890/1 | Министер |
| 22 ноември 2016 година | за образование и наука, |
| Скопје | **Пиштар Лутфиу**, с.р. |

___

**4697.**

Врз основа на член 21-а став 3 и член 22 став 5 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15 и 30/16), министерот за образование и наука, во согласност со министерот за информатичко општество и администрација, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО СО ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА ЗА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ И ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УСТАНОВИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ СО ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето со потребната документација за верификација за посебни програми за образование на возрасните и за образецот на барањето за верификација на установите и институциите за образование на возрасните со потребната документација.

Член 2

Образецот на барањето за верификација за посебни програми за образование на возрасните е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи:

- податоци за установата/институцијата,
- податоци за програмата,
- дел во кој подносителот на програмата потврдува дека програмата што ја поднесува води до стекнување на стручни квалификации, програмата е изготвена согласно Моделот на посебна програма за образование на возрасните и документи кои ги доставува во прилог на барањето.

Член 3

Потребната документација која се поднесува со Образецот на барањето за верификација за посебни програми за образование на возрасните е содржана во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Образецот на барањето за верификација за установите и институциите за образование на возрасните е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи:

- податоци за установата или институцијата за образование на возрасните,
- изјава од раководното лице и
- име и презиме и потпис на директорот и печат на установата или институцијата.

Член 5

Потребната документација која се поднесува со Образецот на барањето за верификација за установите и институциите за образование на возрасните е содржана во Прилог број 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20-15211/1 | Министер |
| 4 ноември 2016 година | за информатичко општество |
| Скопје | и администрација, |
| | **Марта Арсовска Томовска,** с.р. |

| | |
|---|---|
| Бр.12/2-4117/2 | Министер |
| 10 ноември 2016 година | за образование и наука, |
| Скопје | **Пиштар Лутфиу**, с.р. |

**Прилог 1**

**ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ**

*БАРАЊЕ*
*ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОСЕБНА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ*

| **Податоци за програмата** | |
|---|---|
| **Податоци за установата/институцијата** | |
| **Назив** | |
| **Број на лиценца** | |
| **Адреса** | |
| **Телефонски број** | |
| **Адреса на е-пошта:** | |
| **Дејност на установата/институцијата** | |
| **Број на вработени во институцијата** | |
| | |
| **Назив на програмата** | |
| **Други установи/ институции кои ја користат** | |
| **Број на обучувачи** | |

**Јас, долунаведениот потврдувам дека:**

1. **Програмата што ја поднесувам води до стекнување на стручни квалификации, согласно Правилникот за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните**
2. **Програмата е изготвена согласно Моделот на посебна програма за образование на возрасните**
3. **Во прилог на барањево ги поднесувам следниве документи:**
   **- документ за регистрирана дејност - образование на возрасни**
   **- посебната програма во три копии**
   **- потврда за уплатени средства**

Датум: Барател

________________ М.П. ______________________

*(име, презиме, потпис)*

**Прилог 2**

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

1. Барање за верификација на посебна програма,
2. Доказ за регистрирана дејност - образование на возрасните, издаден од Централен регистар на Република Македонија,
3. Посебната програма во три копии, изработена во согласност со членот 21-а од Законот за образование на возрасните и
4. Потврда за уплатени средства.

**Овластеното службено лице од Центарот кое ја води постапката за верификација на посебна програма е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето за верификација, по службена должност да ја побара документацијата од точката 2 од надлежен орган.**

**Прилог 3**

**ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ**

**Барање за верификација на установа или институција за образование на возрасни**

**_________________________________________________**

**(назив на установата или институцијата)**

**за посебната програма**

**_________________________________________________**

**(име на програмата)**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Назив на установата или институцијата за образование на возрасните | |
| 2 | Телефонски број:<br>Е – маил адреса:<br>Општина: | |
| 3 | Статус (вид на установата или институцијата: државна, јавна, приватна, невладина или сл.) | |
| 4 | Број на учесници во образование на возрасни (годишно) | |
| 5 | Број на постојано вработени наставници/обучувачи:<br>- број на хонорарно ангажирани наставници/обучувачи<br>- број на стручни соработници<br>- број на административно – финансиски работници<br>- број на одржувачи на хигиена<br>- број на други работници<br>• за наставници/обучувачи се приложува копија од свидителство/диплома за завршено соодветно образование на формален или неформален начин за соодветната програма и CV за секое лице:<br>• потребно е да се приложи договор за вршење на услуга помеѓу установата или институцијата за возрасни и вршителот на услугата во која се дефинирани обврските и одговорностите, како и условите за работа (доколку установата или институцијата на услуги не располага со кадар) | |
| 6 | Основач на установата или институцијата за образование на возрасните:<br>- назив на основачот<br>- седиште<br>- број и датум на актот на основање | |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Простор за вршење на дејноста:<br>- вкупна површина (во $м^2$)<br>- вкупен број на училници, кабинети, други простории<br>• да се наведе и опише просторот одделно за теоретската и практичната настава;<br>• да се приложи решение од соодветни институции за задоволување на минималните санитарно – хигиенски услови на просторот во кој се реализира образованието на возрасни;<br>• да се приложи решение од соодветни институции за задоволување на условите за хемиско технолошка заштита на учесниците во обуката за просторот во кој се реализира образованието на возрасни;<br>• да се приложи документ со кој се потврдува сопственоста на објектот или договор за изнајмување за теоретскиот дел доколку изведувачот (понудувачот) на услуги нема свој простор;<br>• доколку изведувачот на услуги нама свој простор за изведување на практичната настава и испитите, потребно е да приложи договор со соодветни фирми за изведување на практична настава соодветни на верификационата програма; | |
| 8 | Опрема:<br>- краток опис на поважната опрема (се доставува листа на поважната опрема и нејзина моментална вредност) | |
| 9 | Изјава од раководното лице | Јас долупотпишаниот:<br>ја потврдувам точноста на информациите содржани во формуларот и елаборатот<br>потврдувам дека се<br>исполнети сите потребни стандарди и услови за спроведување на програмата<br>се согласувам да се врши непосреден увид во работењето на установата или институцијата |
| 10 | Име и презиме и потпис на директорот,<br>Печат на установата или институцијата | |

**Прилог 4**

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

1. Статут на установата или институцијата,
2. Доказ за регистрирана дејност - образование на возрасните, издаден од Централен регистар на Република Македонија,
3. Елаборат на установата или институцијата,
4. Податоци за просторот, опремата, наставниот кадар, доказ за сопственииштво/изнајмување и структура на просторот,
5. Решение за верифицирана програма од страна на Центарот
6. Верифицираната програма за образование на возрасните.

**Овластеното службено лице од Центарот кое ја води постапката за верификација на посебна програма е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето за верификација, по службена должност да ја побара документацијата од точките 2 и 5 на овој член од надлежен орган.**